Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 58/0306
28.02 20 18 год.
Скопје

27.02.2018

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 26 февруари 2018 година, врз основа на примена жалба од адвокат Игор Марковски, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**Интернет порталот „Шќипмедиа“ со текстот насловен „SKANDAL sot në Spitalin e Tetovës: Kërcënojnë me pistoleta, pacientin e harrojn 2 orë në WC“ („СКАНДАЛ денеска во болницата во Тетово: закани со пиштоли, а пациентот го заборавaат два часа во WC“), го прекрши Кодексот на новинарите во членовите 1, 3 и 13.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 12 февруари 2018 година, адвокат Игор Марковски, во својство на полномошник на ЈЗУ Клиничка болница Тетово, поднесе жалба за текстот насловен „SKANDAL sot në Spitalin e Tetovës: Kërcënojnë me pistoleta, pacientin e harrojn 2 orë në WC" („СКАНДАЛ денеска во болницата во Тетово: закани со пиштоли, а пациентот го заборавaaт два часа во WC"), објавен на 16 јануари 2018 година, на интернет порталот „Шќипмедиа" (www.shqipmedia.com).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи целосни лаги и невистини, со кои им се наштетува на угледот на вработените и на Клиничката болница во Тетово.

*„Одговорно тврдиме дека таков настан воопшто се нема случено во Клиничката болница во Тетово. Никогаш не е побарана изјава од нашиот клиент, ниту пак е исконтактирано со тетовската болница. Очигледна е намерата без никакви причини да се наштети на угледот на болницата и на вработените, од кои причини не знаеме, и тоа од лица, кои регистрираат веб - страници во странство и го кријат својот идентитет за да шират лаги, да ги заплашуваат пациентите и да создаваат паника и гнев"*, посочува авокат Марковски во жалбата.

Во жалбата, меѓу другото, се наведува и дека од болницата испратиле демант и барање за извинување од „Шќипмедиа", но дека интернет порталот не објавил ништо до поднесувањето на оваа жалба.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот „Шќипмедиа" и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Од „Шќипмедиа" не одговорија на наводите на жалителот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата во однос на содржината е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1, 3 и 13.

***Член 1***: *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа*

*треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно".*

***Член 3:** „Новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување на исправка, деманти и одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информација".*

***Член 13:** „Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот".*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 26 февруари, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Таа, најпрво, заклучи дека не може и нема право да ги утврдува фактите наведени во текстот. Нејзината надлежност е единствено да ги утврдува етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Комисијата утврди дека текстот произлегува од јавниот интерес, но дека авторот во текстот користи целосно непроверени и непотврдени информации, со кои лесно може да ја доведе јавноста во заблуда и да ја дезинформира. Новинарот требало, но не обезбедил релевантни информации, особено кога некој е предмет на напад и критика, како што е во дадениов случај. Со тоа, интернет порталот го прекршил членот 1 од Кодексот на новинарите, во кој особено се издвојува следната реченица:

***„Членови од семејството на починатиот пациент извадиле огнено оружје и се заканувале на медицинскиот персонал на одделението, а во меѓувреме, персоналот кои го качувале пациетот, кој изгубил свест во центарот на Тетово, го внесуваат во тоалетот и од страв бегаат од местото".***

Постулат на новинарската професија е да се побара став од сите засегнати страни, особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања. Проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството, затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора. Изборот на фактите мора да обезбеди објективна информација и согледување на сите значајни аспекти на темата за која се говори.

Во продолжение, Комисијата утврди дека авторот своите мислења ги прикрива како факти и со тоа го прекршил и членот 13 од Кодексот на новинарите, што особено е нагласено во реченицата:

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

***„Дека тетовската болница е лошо менаџирана, дека недостасува добра услуга кон пациентите, имало кулминација денеска, со настанот кој се случил утрово“.***

Точно е дека новинарите имаат право на свое мислење, став и вредносен суд, но не смеат сопственото мислење да го камуфлираат како факти. Мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот за да се избегнат дезинформирање и манипулации.

Понатаму, Комисијата најде дека со необјавувањето на демантот, испратен од жалителот, интернет порталот „Шќипмедиа“ го прекршил и членот 3 од Кодексот на новинарите. Моралната одговорност за неточноста на информацијата паѓа на новинарот и затоа е важно тој самиот да влијае и да обезбеди демант, исправка или одговор во медиумот во кој информацијата е објавена, а чијшто автор е тој. На тој начин, новинарот го штити и сопствениот интегритет, но и интегритетот на медиумот во кој работи.

При своето одлучување, Комисијата ги зеде предвид и:

*** Членот 16 од Уставот во делот во кој се вели:**

Се гарантира правото на одговор во средствата за јавно информирање. Се гарантира правото на исправка во средствата за јавно информирање.

*** Членот 17 од Законот за медиуми (Право на исправка на објавена информација), во делот кој се вели:**

Секој има право од издавач на медиум, односно од одговорен уредник на издавач на медиум да бара, без надоместок, да објави исправка на објавената информација во која се наведуваат неточни факти објавени во информацијата, а со кои биле повредени неговите права или интереси. Право на исправка имаат и правните лица и другите организации и тела, доколку со информацијата биле повредени нивните права или интереси.

*** Членот 18 од истиот Закон (објава на исправка) во делот во кој се вели:**

Исправка се објавува, без измени и дополнувања, на исто или соодветно место во содржината на медиумот и на ист или соодветен начин на оној на кој била објавена информацијата. Исправката не смее да биде несразмерно подолга од информацијата, односно од делот на информацијата на која се однесува. Исправката може да се објави во изменета форма само доколку на тоа се согласи подносителот на барањето на исправката. Исправката мора да биде објавена на начин што од самиот наслов може да се види дека се

работи за исправка. Исправка без согласност на подносителот на барањето не смее да се објавува меѓу реакции или писма на читателите, односно гледачите или слушателите.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Филип Ѓурчиновски, Беким Ајдини и Гоце Герасимовски.

**Се обврзува интернет порталот „Шќипмедиа“ (www.shqipmedia.com), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595